Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општата седница одржана на 09.07.2021 година, согласно член 101 од Уставот на Република Северна Македонија и член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006...96/2019), го утврди следното:

## НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Решението на надлежен суд донесено согласно член 200 став 7 од Законот за кривичната постапка, со кое им е наложено на финансиската институција или на правно лице привремено да го запрат извршувањето на одредена финансиска трансакција или работа и Решението донесено од надлежен суд во текот на кривичната постапка согласно член 202 од Законот за кривичната постапка, за привремена мерка со која се забранува отуѓување и располагање со одредена недвижност или подвижна ствар **НЕ ПРЕТСТАВУВААТ ПРЕЧКА И НЕ МОЖЕ ДА СЕ СМЕТА ДЕКА НАДЛЕЖНИОТ ИЗВРШИТЕЛ ПОСТАПУВАЛ НЕЗАКОНИТО** при спроведувањето на извршувањето во постапката за реализација на договор за залог склучен пред донесените решенија за привремена мерка, кој договор има својство на извршна исправа.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 200 став 7 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 150/10, 100/12 и 142/16), по образложен предлог на јавниот обвинител, судот со решение може да им наложи на финансиска институција или на правно лице привремено да го запрат извршувањето на одредена финансиска трансакција или работа, а имотот привремено се одзема.

Согласно член 202 став 1 од Законот за кривичната постапка, судот може во било кое време во текот на кривичната постапка да донесе, по барање на јавниот обвинител, привремена мерка одземање на имот или предмети кои според Кривичниот законик треба да се одземат, мерка запленување или друга неопходна привремена мерка за да се спречи користењето, отуѓувањето или располгањето со тој имот или предмет. Во овој член детално е утврдена постапката во однос на начинот на одлучување и извршување на оваа привремена мерка.

Согласно член 59 став 1 од Законот за договорен залог („Службен весник на РСМ“ бр. (5/2003, 2/2005, 87/2007, 51/11, 74/12, 115/14, 98/15, 215/15 и 61/2016), ако во договорот за залог договорните страни не избрале еден од комерцијалните начини на продажба на залогот, ниту избрале овластен субјект што ќе ја изврши реализацијата на залогот, заложниот доверител во таков случај има право сам да го избере овластениот субјект (нотар, извршител, агенција за продажба на подвижни предмети и недвижности, брокер преку берза, берза и други субјекти предвидени со овој закон), кој ќе ја изврши реализацијата на залогот.

Согласно член 61 од истиот закон, за започнување на реализација на залогот на кој било начин и од кој било субјект, потребно е да се исполнат два услови и тоа:

должникот да задоцнил со исполнувањето на својата обврска во однос на доверителот и договорот за залог да има својство на извршна исправа.

Согласно член 62 став 1 од истиот закон, кога договорот за залог има својство на извршна исправа, а заложниот должник не ги исполнува обврските според договорот, заложниот доверител може да бара реализација на залогот.

Согласно член 2 став 1 од Законот за извршување ( „Службен весник на РМ", бр. 72/16), основа за извршување претставува извршната исправа.

Согласно член 25 од Законот за извршување, предмет на извршување заради намирување на парично побарување може да биде секој должников предмет, имотно право и недвижност запишана во Катастарот на недвижности, што со Закон не се изземени од извршување, односно доколку извршувањето врз нив не е ограничено со Закон.

Поаѓајки од содржината на одредбите од наведените закони, неспорно може да се заклучи дека:

Решението на надлежниот суд со кое им се наложува на финансиска институција или на правно лице привремено да го запрат извршувањето на одредена финансиска трансакција или работа согласно член 200 став 7 од Законот за кривичната постапка, воопшто не се однесува на забрана за спроведувањето на извршувањето со реализација на договорот за залог по барање на заложен доверител против заложен должник.

Исто така и решението на надлежниот суд за привремена мерка донесена согласно член 202 од Законот за кривичната постапка, со забрана за отуѓување и располагање со одредена недвижност или подвижна ствар, се однесува само на доброволното отуѓување и располагање, но не и присилното извршување од страна на надлежниот извршител во постапка за реализација на договор за залог склучен пред издавањето на привремената мерка.

Ова од причина што, согласно член 3 став 2 од Законот за извршување, извршителот не смее да го одбие спроведувањето на извршувањето, освен во случај ако се исполнети условите за негово изземање и ако има сознание дека за истата извршна исправа се спроведува извршување кај друг извршител.

Предвид на тоа, со оглед да извршувањето врз заложениот имот со договор за залог склучен пред донесените решенија од надлежен суд согласно член 200 став 7 и член 202 од Законот за кривичната постапка, не е забрането со Закон и истите решенија не можат да се сметаат дека претставуваат пречка во постапка за извршување со реализација на договорот за залог.

Дотолку повеќе што донесените решенија во конкретниот случај согласно член 200 став 7 и 202 од Законот за кривичната постапка, се од привремен карактер и не претставуваат одлуки донесени од надлежен суд со кои се врши конфискација на имот и имотна корист ниту пак ограничување на извршувањето со Закон врз имотот на заложниот должник, согласно член 529 и 530 од Законот за кривичната постапка.

Судот со решение не може да го запре извршувањето согласно член 86 став 8 од Законот за извшрување.

Постапувајќи на начин како што е пропишано и уредено со Законот за извршување, извршителот при спроведувањето на извршувањето во постапка за реализација на договор за залог по барање на заложен доверител не може да се смета дека незаконито постапувал.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Општа седница**